# ИНФОРМАТОР ЗА РОДИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ

*Почитувани родители и ученици,*

*Ви посакуваме успешен почеток на новата учебна година. Се надеваме дека сите наши активности и заложби, во соработка со вас, ќе водат кон остварување на визијата на училиштето – да им овозможиме на нашите ученици преку квалитетна настава да се изградат во здрави и одговорни личности.*

*Во оваа брошура ќе најдете информации за работата на училиштето,наставата и воннаставните активности, правата и обврските на учениците и родителите и дел од процедурите и постапките на училиштето. Се надеваме на взаемна успешна соработка и сметаме на вашата помош во спроведувањето на правилата на училиштето за да создадеме безбедна училишна средина, позитивна клима и сериозен пристап кон воспитувањето и образованието на нашите ученици.*

| **Лична карта на училиштето** | |
|---|---|
| | **Централно училиште**<br>ООУ „Круме Кепески“ Скопје, ул.Христо Татарчев бр.46<br><br>**Подрачно училиште**<br>ООУ „Круме Кепески“ Скопје, нас.Припор |
| e-mail | oоukkepeskisk@gmail.com |
| Веб страна на училиштето | www.ooukrumekepeski.edu.mk |
| Број на ученици | 727 |
| Број на паралелки | 35 |
| Директор | Павлина Трипуновска - 078-356-120 |
| Стручни соработници | Андријана Тасевска – психолог- 078-356-121<br>Анита Матевска – педагог –<br>Лидија Петровска – специјален едукатор и рехабилитатор - |
| Секретар | Сашка Донева – 078-356-124 |
| Наставници | 59, одделенски наставници-27, предметни наставници – 32 |
| Помошно-технички персонал | 11 лица |



| **Настава** |
| --- |
| Наставната година ја сочинуваат 2 полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.<br>Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.<br>Наставата во училиштето се реализира во две смени, со тоа што во централното училиште учениците од предметна настава и дел од паралелките од одделенска настава учат во прва смена. Другиот дел од паралелките од одделенска настава учат во втора смена, со тоа што смените за одделенска настава се менуваат на две недели. Во подрачното училиште учениците учат само во прва смена. Наставата во првата смена започнува во 8 часот, а завршува во 13.25, а во втората смена започнува во 13 часот, а завршува во 17 часот.<br>Освен задолжителните наставни предмети, според Наставниот план, учениците изучуваат и слободни изборни предмети. Секоја учебна година учениците од понудените изборни предмети избираат изборен предмет кој претходно не го изучувале. Во училиштето како прв странски јазик се изучува англискиот јазик, а како втор странски јазик францускиот јазик. |
| **Дополнителна и додатна настава** |
| Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.<br>За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата.<br>Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. |
| **Воннаставни активности** |
| ➢ Слободни ученички активности за сите наставни предмети<br>➢ Спортски активности<br>➢ Општествено корисна работа<br>➢ Јавна и културна дејност<br>➢ Учество во проекти и натпревари<br>➢ Учество во хуманитарни акции и работа на Подмладокот на црвениот крст<br>➢ Работа на ученичките заедници, Ученичкиот парламент и Детската организација. |

| Права и одговорности | |
|---|---|
| ***Права на учениците*** | ***Одговорности на учениците*** |
| ➢ Да се стекнат со квалитетно образование во безбедна средина<br>➢ Да се постапува со нив со почитување и без дискриминација<br>➢ Да бидат информирани за своите права и одговорности и за правилата на однесување<br>➢ Да бидат оценувани јавно и според покажаниот резултат | ➢ Да бидат редовни на настава и да стигнуваат на време<br>➢ Да го носат потребниот прибор и опрема<br>➢ Да се однесуваат со почит кон личните, граѓанските и имотните права на другите<br>➢ Совесно да се однесуваат кон училишните задолженија<br>➢ Соодветно да се облекуваат<br>➢ Да го почитуваат училишниот ред и правила<br>➢ Да не употребуваат непристојни зборови и псовки<br>➢ Да не се однесуваат насилно и да пријават случаи на насилно однесување |
| ***Права на родителите*** | ***Одговорности на родителите*** |
| ➢ Да добиваат редовно известување за напредокот на нивното дете<br>➢ Навреме да бидат известени за состојбата со редовноста на детето на настава<br>➢ Да побараат и остварат консултации и да добијат информации од наставниците и стручните соработници<br>➢ Да вложат приговор во однос на оценка или  изречена педагошка мерка | ➢ Да му овозможат на своето дете редовно да посетува настава и да се грижат за неговиот напредок<br>➢ Да соработуваат со училиштето во однос на воспитните и образовните аспекти во развојот на детето<br>➢ Редовно да се информираат за напредокот на нивното дете<br>➢ Да се јават на повик на одделенскиот раководител или стручната служба во училиштето и редовно да присуствуваат на родителските среби<br>➢ Да го информираат училиштето за нивните забелешки или предлози<br>➢ Начинот на комуникација со вработените во училиштето да биде коректен, без навреди или искажување на агресија |

| Видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците |
|---|
| ***Пофалби и награди*** |
| Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, училиштето ги пофалува, односно наградува. Ученикот може да биде усно или писмено пофален за постигнати натпросечни резултати во наставата или во воннаставните активности. Писмената пофалба е во вид на посебни дипломи и пофалници, на предлог на наставничкиот совет.<br>На крајот на деветто одделение училиштето издава диплома за првенец на паралелка и за првенец на генерација, според посебни критериуми на училиштето. |
| ***Педагошки мерки*** |
| Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка, намалување на поведението. |

| Советување на родители и ученици |
|---|
| Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако:<br>- ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или<br>повеќе предмети,<br>- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци,<br>- ученикот го навреди наставникот,<br>- ученикот учествува во различни форми на насилство,<br>- ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување,<br>- ученикот предвреме го напушти образованието,<br>- ученикот користи говор на омраза и<br>- во краток период на ученикот значително му се намали успехот<br>Советувањето го врши психологот на училиштето согласно Програма донесена од страна на Министерството за образование.<br>Напоредно со советувањето на родителот се врши и советување на ученикот. |

| Процедури и постапки |
|---|
| Со цел да се овозможи безбедно и непречено образование за нашите ученици, училиштето работи според низа процедури и постапки кои се должни да ги почитуваат сите наши вработени, учениците кои учат во нашето училиште и нивните родители. Со дел од тие процедури и постапки ќе ве запознаеме преку овој Информатор. |
| **Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични за болувања и потешки повреди**<br>1.Родителот е должен да го извести училиштето за здравствената состојба на своето дете, доколку таа е нарушена, како и за видот на болеста и аспектите на кои треба да се внимава во училиштето.<br>2.Во услови кога ученик ќе се пожали на здравствени проблеми или повреда за време на наставата, се реагира веднаш на следниот начин:<br>➢ Се известува одделенскиот раководител или стручната служба.<br>➢ Се контактира со родител и се известува за проблемот.<br>➢ Ученикот не се пушта да си оди сам дома додека не се добие дозвола од родител. Пожелно е родителот да дојде и да го земе детето, а доколку тоа не е можно, училиштето треба да биде сигурно дека дома има некој кој ќе го прифати детето. Доколку се работи за поспецифичен случај, се одредува наставник кој ќе го испрати до дома.<br>➢ Во училиштето се реагира при повреда која може да се санира локално, при што се користат содржини од кутиите за прва помош.<br>➢ На учениците не смеат да се даваат лекарства кои се земаат орално, поради можноста детето да е алергично на одреден лек.<br>➢ При итни случаи се повикува брза помош или ученикот се носи во најблиската амбуланта каде ќе му биде пружена лекарска помош и истовремено се известува родителот.<br>3.Откако ученикот ќе биде згрижен и му биде пружена помош, одделенскиот раководител се информира и ја следи неговата здравствена состојба, со цел во текот на наставата да се внимава на одредени критични аспекти (пр. ослободување од физички напор, запазување на определени |

| |
|---|
| хигиенски услови, контрола на исхрана).<br>4.При случаи на ученици со хронични заболувања, потешки повреди и хоспитализација:<br>➢ Училиштето е должно да ги следи насоките кои ги дал родител врз основа на препораки на лекар и редовно да го известува родителот за промените кои настануваат.<br>➢ За учениците кои поради здравствени проблеми или хронични болести не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа, по претходно известување на училиштето од страна на родителот.<br>➢ Училиштето е должно да му обезбеди на ученикот ресурси за учење во домашни услови (наставни материјали, насоки, повратни информации и консултации). |
| **Постапка за безбедност и превенција од насилство помеѓу учениците**<br>Училиштето во рамките на целокупното работење спроведува активности и презема иницијативи за поголема безбедност на учениците.За таа цел изработува програма за превенција која содржи повеќе сегменти од ова област:<br>- секојдневно дежурство од страна на учениците, со посебно место и задачи на дежурен ученик<br>- секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи<br>- влезните врати на училиштето се секогаш затворени и никој не може да влезе без да биде евидентиран односно забележан од дежурните или обезбедувањето<br>- наставниците редовно ги запишуваат отсутните ученици<br>- училиштето реализира превентивни програми и работилници за ученици поврзани со нивната безбедност и ненасилното однесување,<br>- училиштето се вклучува во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции (МВР, Град Скопје, Невладини организации)<br>- училиштето редовно соработува со полицијата и другите надлежни инситуции<br>- училиштето врши идентификување на формите на насилство и спроведува мерки според Протоколот за постапување на училиштето во случаи на насилство |